# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ОСНОВЕН СУД ШТИП
## за 2020 година



## 1. ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТА СО ПРЕДМЕТИ

| ОСНОВЕН СУД ШТИП | Нерешени предмети на почеток | Новопримени предмети | Погрешно заведени предмети | Вкупно предмети во работа | Вкупно решени предмети | Нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Кривично полнолетни (К)** | 259 | 716 | 1 | 974 | 592 | 382 |
| **Кривично малолетни** (КМ) | 25 | 90 | 0 | 115 | 75 | 40 |
| **Истражни дејствија** (К-ПП, К-ООА, ОИД, КРИ, КУЗЛС; КНЗД; УОСК) | 5 | 130 | 0 | 135 | 129 | 6 |
| **ПРЕКРШОЦИ** (ПРК-С, ПРК-Ј, ПРК-О, ПРК-М; ПРК-КС; ПРК-ПОВ) | 1086 | 2017 | 0 | 3103 | 2013 | 1090 |
| **Повторување на постапката** (КПОВ) | 9 | 13 | 0 | 22 | 22 | 0 |
| **КРИВИЧЕН СОВЕТ** (КС, КУК, КП, КСП, КС-КР, КСМ, КПМ, КРП,КНЗД, КРМ, КС-КУИПК) | 18 | 183 | 0 | 201 | 176 | 25 |
| **Извршување на санкции** (ИПРК, ИКС, ИКП, УО, КУИКП, КУИКМ, НУИ-ПК, ЕВНЗ, УО, ПК, УОПК-КМ, УОКМ; ИСАМ) | 318 | 2557 | 0 | 2875 | 2467 | 408 |
| **Разни кривични дејствија (УОСК, КР, ЕК)** | 61 | 3820 | 0 | 3881 | 3877 | 4 |
| **Замолници (ЗАМ-К)** | 17 | 15 | 1 | 31 | 17 | 14 |
| **ИОИП (ДЗИК по стар)** | 2 | 49 | 0 | 51 | 49 | 2 |
| **Разни прекршочни предмети** (ПРК-Р) | 1 | 323 | 0 | 324 | 323 | 1 |
| **ВКУПНО КРИВИЧЕН ОДДЕЛ** | **1801** | **9913** | **2** | **11712** | **9740** | **1972** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Спорови од мала вреднсот** (МАЛВП; МАЛВТС) | **293** | **413** | **0** | **706** | **490** | **216** |
| **Спорови од областа на сопственоста, облигациите и наследувањето** (П; П1; П3; П4; П5; Ст-П1; СТ-П4) | **89** | **88** | **0** | **177** | **84** | **93** |
| **Семејни спорови** (П2) | **62** | **115** | **0** | **177** | **115** | **62** |
| **Работни спорови** (РО) | **753** | **598** | **0** | **1351** | **810** | **541** |
| **Трговски спорови** (ТС; ТС1) | **33** | **53** | **0** | **86** | **46** | **40** |
| **Платни налози по приговор** (ПЛ1-П; ПЛ1-ТС;IIПЛ-1) | **91** | **153** | **0** | **244** | **131** | **113** |
| **Оставински предмети решени од судот** (О1, О2) | **1** | **3** | **0** | **4** | **4** | **0** |
| **Стечај** (СТ; СТС) | **41** | **17** | **1** | **57** | **15** | **42** |
| **Ликвидации** (Л, РЕГВС) | **8** | **0** | **0** | **8** | **2** | **6** |
| **Приговор против неправилност при извршување** (ППНИ) | **4** | **44** | **0** | **48** | **47** | **1** |
| **Физичка делба** (ВПП1) | **20** | **14** | **0** | **34** | **21** | **13** |
| **Мерки за обезбедување** (ВПП2) | **5** | **13** | **0** | **18** | **16** | **2** |
| **Останати ВПП** (ВПП; ПСО; ОДС) | **32** | **80** | **0** | **112** | **67** | **45** |
| **Повторување на постапката** (ПЛПОВ, ПЛПОВ, ППОВ, ППОВ-1, ПОВ-ТС, РО-ПОВ, РО-ПОВ1, ПЛ-ПОВ1, МВ-ПОВ, МВТС-ПОВ) | **4** | **4** | **0** | **8** | **4** | **4** |
| **Разни парнични (РП)** | **0** | **1** | **0** | **1** | **1** | **0** |
| **Разни предмети од платни налози (РПЛ)** | **0** | **1** | **0** | **1** | **0** | **1** |
| **Предмети вратени од нотар за надлежност (ОНАД)** | **0** | **8** | **0** | **8** | **7** | **1** |
| **Разни вонпарнични предмети (РВПП)** | **0** | **775** | **0** | **775** | **775** | **0** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Регистрација на политички партии (РПП)** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| **Изрекување парични казни до УЈП (ИПК)** | **0** | **2** | **0** | **2** | **2** | **0** |
| **Издадени дозволи за дејствија во стан на должник(ИДС)** | **0** | **7** | **0** | **7** | **7** | **0** |
| **Заверки (ЗАВ)** | **0** | **95** | **0** | **95** | **91** | **4** |
| **Извршување по закон за семејство (ИЗС)** | **1** | **32** | **0** | **33** | **29** | **4** |
| **Противизвршување (ПИ,ППИ)** | **0** | **1** | **0** | **1** | **1** | **0** |
| **Платни налози без приговор (ПЛ, ПЛ-ТС)** | **0** | **1** | **0** | **1** | **1** | **0** |
| **Жалби против решенија од нотар (ПЛЖ)** | **0** | **1** | **0** | **1** | **1** | **0** |
| **Замолници од државни органи (ЗАМ-С)** | **1** | **20** | **0** | **21** | **21** | **0** |
| **ЗАВ-Х Апостиле** | **0** | **1659** | **0** | **1659** | **1658** | **1** |
| **Оставина решена од нотар (О)** | **247** | **371** | **3** | **615** | **398** | **217** |
| **ВКУПНО ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ** | **1685** | **4569** | **4** | **6250** | **4844** | **1406** |
| Предметки од судска управа (СУ, СУ-01, СУ-02, СУ-03, СУ-04, СУ-05, СУ-06, СУ-07, | 0 | 1341 | 0 | **1341** | 1340 | **1** |
| Изземање на судии (СУИЗЗ) | 1 | 92 | 0 | **93** | 93 | **0** |
| Доверливи предмети во судска управа (СУ-ДОВ,СУ-СТР ДОВ) | 0 | 42 | 0 | **42** | 42 | **0** |
| Евиденција на преставки и поплаки (УПП) | 0 | 21 | 0 | **21** | 21 | **0** |
| Слободен пристап до информации од јавен карактер (СПИ) | 0 | 39 | 0 | **39** | 39 | **0** |
| **ВКУПНО СУДСКА УПРАВА** | **1** | **1535** | **0** | **1536** | **1535** | **1** |
| **СЕ ВКУПНО** | **3487** | **16017** | **6** | **19498** | **16119** | **3379** |

## ***СТАРИ ПРЕДМЕТИ***

Основен суд Штип 2020 година ја започна со 114 стари предмети. Во текот на 2020 година новопримени се 200 предмети или вкупно во работа биле 314 стари предмети, од кои 277 биле во работа по судиите, а 37 предмети биле дадени во работа на нотарите како повереници на судот.

Од старите предмети решени се 138, а на крајот од годината останале нерешени 176 стари предмети и тоа: 27 стечајни предмети, 23 кривични - полнолетни предмети, 1 кривичен совет, 23 КУИКП (извршување на кривични санкции), 2 прекин на издржување на казна, 6 прекршочни предмети, 4 трговски спорови, 4 парнични мала вредност, 1 повторување на парнична постапка, 44 работни спорови, 5 платни налози по приговор, 10 вонпарнични предмети, 3 оставински предмети, 10 имотни спорови, 1 семеен спор, 6 ликвидации, 1 физичка делба и 5 облигациони спорови.

Зголемување на бројот на старите предмети настана во месец декември кога беа примени 51 стар работен спор. На последната одржана седница на судии беше разгледана оваа состојба и се констатираше дека овие предмети се тужби против Министерство за одбрана и имало проблем со ненавремено вршење на вештачењата, а дел од причините се и одлагањата заради пандемијата односно прекинот на протокот на рокови, како и барања за одлагања заради заболувања.

По години состојбата на останатите стари нерешени предмети е следната:

- 2004 година – 1 стечај, 2 – ликвидации;
- 2010 година – 1 стечај,
- 2012 година – 5 стечаи,
- 2013 година - 6 стечаи и
- 2014 година – 1 кривичен, 2 изврш. санкции, 1 приговор против пл. налог
- 2015 година – 1 кривичен, 1 извр санкции,
- 2016 година –11 стечаи, 2 кривични, 3 изврш санкции, 3 трговски спорови, 4 имотни ,4 ликвидации , 1 вонпарничен предмет,
- 2017 – 3 стечаи, 1 кривичен, 7 извр. санкции, 1 прекин на издрж казна, 3 трговски спорови, 2 имотен, 1 физичка делба, 1 вонпарничен предмет.
- 2018 – 18 кривични, 1 кр. совет, 9 извршување санкции, 1 прекин на издржување казна, 6 прекршочни, 1 трговски спор, 5 облигациони , 44 работни спорови, 4 имотни, 1 семеен, 4 парнични мала вредност, 1 повтор. на парн. постапка, 4 приговори против платен налог, 8 вонпарнични и 3 оставински предмети.

## ***2. ИЗВЕШТАЈ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ***

Состојбата со утврдените места според систематизација и нивна пополнетост е следната:

| | Предвидено | Пополнето | Пополнетост во % |
|---|---|---|---|
| Претседател | 1 | 1 | 100 % |
| Судии | 19 | 14 | 74 % |
| Судски администратор | 1 | 1 | 100 % |
| Раководители на служба | 2 | 0 | 0 |
| Раководители на оддели | 2 | 0 | 0 |
| Раководители на одделенија | 3 | 0 | 0 |
| Виши судски советници | 4 | 0 | 0 |
| Судски советник | 3 | 0 | 0 |
| Советник по фин.работи сметководител | 1 | 1 | 100 % |
| Советник информатичар | 1 | 0 | 0 |
| Виш суд.соработник | 1 | 0 | 0 |
| Судски соработници | 12 | 9 | 75 % |
| Помлад суд соработник | 2 | 2 | 100 % |
| Помошно – стручни судски службеници | 50 | 31 | 62 % |
| Дактилографи | 24 | 14 | 58 % |
| Судска полиција | 8 | 6 | 75 % |
| Технички персонал | 7 | 4 | 57,14 % |
| **ВКУПНО:** | 140 | 82 | 58, 5 % |

По однос на човечките ресурси, односно кадровската екипираност, во Основниот суд во Штип на почетокот на 2020 година судиската функција ја извршувале 13 судии, од кои 5 судии биле распоредени во кривичен оддел и 8 судии во граѓански оддел. Од 1 мај 2020 еден од судиите од кривичен оддел кој беше времено упатен во Основниот суд во Виница, се врати на работа и беше распореден во кривичен оддел. Во месец март е избран нов судија, која од 14.05.2020 година, времено е упатена да ја извршува судиската функција во Основен суд Берово. На еден од судиите му мирува судиската функција бидејќи од септември 2018 година ја извршува функцијата член на Судски совет на РСМ.

Во однос на состојбата со вработените во судската служба, согласно Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места, предвидени се 120 работни места од кои пополнети се 68 работни места, од нив 58 се со статус на судски службеници, 4 вработени по Закон за работни односи и 6 припадници на судска полиција. Во текот на 2020 година остварија право на старосна пензија двајца службеници и тоа еден службеник со звање судски референт оствари право на старосна пензија во месец Јануари 2020 година и еден самостоен судски референт оствари старосна пензија во месец Септември 2020 година. Во Годишниот план за вработување на судот беа предвидени нови вработувања на еден стручен соработник и еден доставувач, меѓутоа во текот на 2020 година не беа реализирани.

Не се пополнети предвидените места за раководни стручни службеници, потребно е истите да се пополнат по пат на интерни огласи. Пополнувањето на овие места се неопходно потребни за ефикасно функционирање на писарниците особено со примената на АКМИС програмот и тоа особено за потребата од судски службеници кои ќе работат како раководители на кривичен и граѓански оддел.

Недостасуваат дактилографи од причина што дел од постојните дактилографи се прераспоредени на работни места во писарница, каде што исто така недостасува потребен персонал, поради тоа неопходно е вработување на 2 дактилографи и 1 доставувач во Пробиштип. Заради одржување на судската зграда потребно е вработување на хаус мајстор, од причина што за било какви, па и најситни поправки, принудени сме да ангажираме лица од надвор. Ова место никогаш не било пополнето, бидејќи досега судот го користеше хаус мајсторот на Апелациониот суд во Штип. Потребно е и вработување на местото Командир на судската полиција.

*Проценка на безбедносната состојба*

Безбедносната состојба во 2020 година е добра. Не се пријавени било какви инциденти или проблеми од значење за безбедноста. Судот има вработено 6 судски полицајци, колку што е предвидено со систематизацијата, но тој број не е доволен за да судската полиција функционира оптимално. Постои координација и соработка со судската полиција на Апелациониот суд во Штип, но имајќи ја предвид дадената состојба, нужно е да се вработи уште најмалку еден, по можност и двајца судски полицајци, со што оптимално и целосно би биле задоволени сите потреби на безбедноста на судот со присуство на стражарски места и на судски процеси по потреба, како и за други работи од безбедноста, а воедно би се

обезбедиле и правата на судските полицајци за одмор и во текот на работното време, како и имајќи предвид дека во втора и трета смена дежураат судски полицајци од ОС Штип заедно со судски полицајци од АС Штип. Овие дежурства се предмет на разговори со Претседателот на АС Штип со цел да се овозможи дежурство од само еден судски полицаец во втора и трета смена, со што би се намалиле трошоците за надоместоци за ноќна работа и викенд или празници, а воедно во прва смена би имале на располагање повеќе судски полицајци кога има зголемена фрекфенција на странки и посетители во судот и реално потребата е поголема за тоа.

Како што е наведено погоре, потребно е да се пополни местото Командир на судска полиција заради поефикасно и оптимално функционирање на судската полиција.

Во судот функционира систем за видео надзор, со кој се опфатени и делови од зградата кои претходно не беа покриени со надзорот. Заради безбедност и евидентирање на влез и излез во судската зграда и нејзините делови, нужно е набавка на две нови врати со систем за евидентирање во делот од судската зграда каде се наоѓа кривичното одделение, а со оглед да и постојните две врати кои се наоѓаат во делот од судската зграда каде се наоѓа граѓанското одделение се во неисправна состојба, заради унифицираност пожелно е и тие две врати да се заменат со нови со потребниот систем за евиденција.

Зградата и предметите во неа се осигурани од пожар, поплави и други опасности со полиса за осигурување.

**Постапување и организација на работата во време на пандемија**

По однос на постапувањето на судот и организацијата на работата и постапувањето во услови на пандемијата од заразата КОВИД-19, во ОС Штип од страна на одговорните лица беа превземени повеќе мерки за спречување на ширење на наведената зараза и заштита на здравјето и животите на сите, вклучително и на посетителите. Доследно и ревносно се преземаат мерки за почитување на сите препораки од надлежните органи во поглед на подигање на свеста на сите во судот по однос на одржување на хигиената, почитување на наведените препораки и редот во судот, се вршат редовни чистења и дезинфекции на сите простории, вклучително и дезинфекција на рацете на сите кои влегуваат во судот кое се врши на влезовите и се врши редовно проветрување, како и се преземаат сите потребни мерки за заштита на здравјето на сите. Задолжително е носење на заштитна покривка (маска) во сите простории на судот.

Уште кон крајот на месец Февруари 2020 година се преземени активности во насока на подигање на свеста кај вработените и посетителите по однос на хигиената и опасноста од заразната болест на начин што во судот на видни места беа излепени повеќе укажувања и памфлети за таа цел, а имаше и укажување на сите вработени вклучително и на судиите по однос на тоа, а беше донесена и одлука со која е пропишано зајакната контрола за влез на лица во просториите на ОС Штип, под строги услови, согласно Судскиот деловник и закон. Со тоа беа преземени навремени превентивни мерки за заштита од заразната болест.

На 11.03.2020 година претседателот на ОС Штип донесе Одлука со која во

просториите на ОС Штип се дозволува влегување на неслужбени лица само со уредна покана, претходна најава и итна и оправдана потреба, а на останатите лица нема да им биде дозволен влез и движење во просториите на ОС Штип. Се предвиди контролата и легитимирањето на лицата на влезовите на ОС Штип да ги вршат припадниците на судската полиција и истите да постапуваат согласно правилата на службата, а хигиеничарите да вршат редовно и интензивно одржување на хигиената во просториите на ОС Штип, со употреба и на средства за дезинфекција. Се наложува и сите во просториите на ОС Штип да ја одржуваат хигиената со особено внимание.

На ден 13.03.2020 година на одржана Седница на судии на ОС Штип присутните судии едногласно донесоа заклучок за одложување на закажаните рочишта во периодот од 16.03.2020 година заклучно со 24.03.2020 година, со исклучок на рочишта по предмети кои во смисла на чл.72 од Законот за судовите се сметаат за итни, како и за оние за кои постои опасност од скоро застарување на постапката. Сепак овој заклучок не беше имплементиран и постапувањето по предметите продолжи редовно, се до донесувањето на Одлуката на СС од 17.03.2020 година. Во тој период неколку судии и судски службеници веќе го користеа правото за отсуство од работа согласно мерките на Владата на РСМ.

Во периодот кој следуваше се постапуваше по одлуките и препораките на надлежните органи, согласно Одлуката на Судскиот совет од 17.03.2020 година и двете дополнувања, се судеа итни и пропишани предмети и превземаа неодложни работи, па иако дел од вработените користеа мерки, а мал дел беа во изолација, тоа не се одрази во голема мерка на редовното работење на судот.

На ден 10.07.2020 год. претседателот на ОС Штип донесе Одлука (Протокол) за постапување во Основниот суд Штип при услови на пандемија предизвикана од вирусот КОВИД 19 со правила за однесување во судската зграда (со Правила за однесување на посетители во ОС Штип – мерки на претпазливост заради спречување на ширење на зараза од вирус КОВИД-19). Со ова детално и прецизно се уредува однесувањето на сите во судската зграда, нивните права и обврски, како и мерките кои треба да се преземат заради заштита од вирусната зараза. Предметната Одлука беше доставена на запознавање и постапување и до сите институции кои имаат простории во судската зграда, како и до Адвокатската комора на РСМ.

По однос на состојбата во последниот период, откако е значително влошена состојбата со панедмијата и во државата и во Штип, функционирањето на ОС Штип е редовно, но сепак отежнато заради постојната состојба. При тоа се бара максимално почитување на сите мерки и препораки од надлежните органи заради заштита на здравјето и животите на сите. Секојдневно се врши темелно чистење и проветрување на сите простории, нивна дезинфекција (вклучително и од екипи на Центарот за јавно здравје Штип), а особено се посветува внимание на општите простории – судниците, влезовите, ходниците, шалтерите и тоалетите, односно онаму каде фрекфенцијата на луѓе е поголема во текот на секој ден. Сите вработени и посетители се должни да носат заштитни покривки на носот и устата (маски), како и да ги дезинфицираат рацете при влез во зградата, како и да одржуваат високо ниво на хигиена. Од страна на одговорните лица постојано се врши надзор на спроведувањето на препораките и мерките, се врши постојано

апелирање и укажување, а доколку има потреба се врши проверка на вработени кои би можеле да се потенцијални заразени и истите се упатуваат на консултации со медицински лица и надлежни органи.

Наредено беше намалено движење низ просториите во судот, односно движење само по потреба, без задржување, а побарано е сите за потребите на работата да користат телефон и е-маил, а лични контакти да имаат само кога тоа е неопходно.

Работата на судот течеше редовно, без застој, без никакви проблеми предизвикани од новонастанатата состојба и се постапуваше по сите предмети без застој, се издаваа потребни потврди и уверенија и се извршуваа функциите на судот, согласно надлежноста, во целост.

Сите вработени, особено оние кои се први во непосреден контакт со странки (на влез, на шалтер и сл.) беа опремени со ракавици и маски, а имаа на располагање и средства за дезинфекција. Со такви се опремени и доставувачите на пошта, кои добија препораки да внимаваат на своето здравје при постапувањето и доставата на писмената, да ги носат заштитните средства.

Судските рочишта се одржуваа редовно, со должно почитување на сите мерки на претпазливост, а се одржуваа приоритетно во судниците (три на број), кои се поголеми по простор, како и во една поголема просторија (судска библиотека) која привремено е адаптирана за потреби на одржување на судски рочишта. Заради тоа што е оценето дека постои голем ризик како по вработените, така и по учесниците во постапката, претседателот на судот пропиша Распоред за судење во судски сали, со цел воедначено постапување на сите судии во тие простории. Согласно горе наведената одлука (Протоколот), секој судија можеше да оцени дали некое рочиште може да се одржи и во судиска канцеларија и до колку смета дека се исполнети условите согласно препораките и мерките за заштита, може да одржи рочиште и во канцеларија.

Од ова неспорно се наметнува потребата за зголемување на бројот на соодветни судници во нашиот суд, а со цел да се запазат сите должни мерки на претпазливост, па од тие причини беа побарано средства за адаптација на најмалку две постојни поголеми судски простории со цел бројот на соодветни судници се зголеми на пет.

Набавени се камери и слушалки за сите судии со цел овозможување на онлајн-комуникација и одржување на седници, состаноци, седници на совет, следење на онлајн-семинари и др. Седниците на судиите се одржуваат и на платформата ЗООМ. Се планира набавка на таква опрема и за останатите службеници каде тоа е потребно, пред се стручните соработници.

## 3.ИЗВЕШТАЈ ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА СУДСКА ПРАКСА

Во текот на 2020 година редовно одржувани се седници на судии, како и седници на кривичниот и на граѓанскиот оддел.

Согласно Распоредот за работа на ОС Штип за 2020 година, како судии кои се задолжени за следење на судската пракса беа задолжени раководителите на одделите.

Одржани се вкупно 16 седници на судии на кои се разговараше за распоредот за работа, предизвиците од пандемијата, решавањето на старите

предмети, тонско снимање, електронска достава, годишен распоред за работа, месечни извештаи за работа, за проблеми со АКМИСот, за почитување на роковите и се што е од знаеење за тековното работење на судот и судиите.

Одржани се вкупно 10 седници на граѓанскиот оддел, на кој се разгледувани работи од делот на судската пракса и усогласување на истата, распределба на предмети поради зголемен обем на работа, барања за мислења од повисоките судови, давање мислења за разни прашања и барања, како и други работи.

Одржани се вкупно 9 седници на кривичниот оддел, на кој се разгледувани работи од делот на судската пракса, постапување по предмети од кривична и прекршочна материја, давање мислења за разни прашања и барања, како и други работи.

Редовно, секој месец, се одржуваа состаноци на Работното тело за управување со движење со судските предмети, за што се составувани извештаи во кои се анализира состојбата со прием, заведување на предмети, работата по предметите, изработка на одлуките, почитување на роковите и се анализираат старите предмети.

До Апелациониот суд Штип по барање на судиите од граѓанскиот оддел се упатени 4 писмени барања за произнесувања по правни прашања за кои е добиено правно мислење.

## *4.ИЗВЕШТАЈ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ*

Во текот на 2020 година Основниот суд во Штип во своето работење беше отворен и транспарентен за јавноста и состојбата е значително подобрена. Секојдневно преку лицето задолжено за односи со јавноста и веб-страницата беа давани информации кои се однесуваат за работењето на Основниот суд Штип, а исто така секојдневно се одговараше на барања и прашања од страна на граѓаните и странките.

Лицето кое беше назначено со годишниот распоред за односи со јавноста во текот на своето работење и постапување во 2020 година често има давано голем број на изјави или писмени известувања за медиумите кои се однесуваат на нивни барања за информација како за работата на судот, така и за конкретни предмети и од кривична и од граѓанска област. Во неговото постапување нема поплаки или забелешки од барателите на информациите, а заради подобро пренесување на информацијата, се пристапи и кон пракса за објавување на соопштенија и известувања на веб страницата на судот, со цел хронолошко и фактографско воедначување на известувањата, со што би се спречиле евентуални последици од погрешна интерпретација на информацијата дадена од лицето задолжено за односи со јавноста. Лицето за односи со јавноста било достапно во секое време за давање на информација на сите баратели.

Така, на веб страницата во 2020 година се објавени вкупно 19 известувања за работата на судот, а кои се од интерес на јавноста. Редовно се објавуваат и извештаите за работа на судот, како и други статистички извештаи.

На веб страницата на судот имаше податоци за лицето за контакт со јавноста и контакт е-маил.

Сите барани информации навремено, транспарентно, со еднаков однос спрема сите медиуми и баратели, на јазик разбирлив за јавноста и во опсег кој го дозволуваат законските прописи се пренесувани од лицето задолжено за односи

со јавноста.

На веб-страната на ОС Штип во текот на 2020 година се објавени 1169 анонимизирани одлуки, согласно Законот за управување со движењето на предмети.

Во текот на 2020 година поднесени се 37 барања за пристап на информации од јавен карактер и од кои на 36 е навремено одговорено, а едно барање е повлечено. По жалба од барател на информација до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, иако претходно од судот е одговорено позитивно, Агенцијата донесе решение со кое го задолжи судот да постапи по првичното барањето. По ваквото решение на Агенцијата, ОС Штип покрена управна постапка со соодветна тужба која е уважена и решението на Агенцијата е поништено како неосновано.

Судот во 2020 година во судот се остварени повеќе средби со претставници на меѓународни организации, а претседателот на судот учествуваше во повеќе меѓународни конференции и форуми од областа на правото.

## *5.ИЗВЕШТАЈ ЗА ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА*

Примената на АКМИС во Основен суд Штип, поради застареноста на серверите и немање доволно простор на хард дисковите се одвива сеуште нормално, со чести проблеми при правењето на резервните копии. Поради неможноста за набавка на резервни делови, поради истекувањето на животниот век на серверите од страна на производителот, потребно е да се планира набавка на нови сервери.

Во делот на електронското скенирање на документите, потребно е надградба и усовршување на модулот за електронско скенирање на документите. Кога во модулот работи само еден корисник, нема некои посебни проблеми. Кога истовремено работат двајца или повеќе корисници се случува некој од корисниците да има проблем  со скенираните документи. Потребно е во модулот да се вгради поголема контрола на скенираните документи, можност за замена или дополнување на одереден скениран документ и право на пристап за секој корисник (на пример секој корисник кој скенира во модулот да ги гледа само своите скенирани документи). Исто така скенерите се доста оптоварени и користени поради обемот на работа, така што потребно е нивно редовно сервисирање или да планира замена на скенерите.

Основниот суд во Штип и покрај набавките изминативе години има потреба од набавка на компјутери и компјутерска опрема која е потребна за нормална и непречена употреба на АКМИС.

На текот на 2020 година набавени се 14 персонални компјутери и 2 лап топа, заменети се компјутерите на судиите, а нивните се отстапени на стручните соработници.  Во план се доколку се одобрат средства за набавка на 15-20 компјутери наменети за дактилографите и за одделението во Пробиштип, бидејќи во тек, најповеќе поради апсолутно застарување на оперативниот системот (Windows XP и Windows Vista) и прекин на антивирусната подршката од Kapersky за горе наведени оперативни системи со што се доведува во прашање работата и безбедноста на судот.

Постои проблем и со двете судници опремени со системот за тонско

снимање. Истиот сеуште е во функција, самата компјутерска опрема (набавена пред повеќе од 10 години) е технолошки застарена и е на крајот од својот работен век. Исто така проблем е што фирмата која го инсталираше компјутерскиот систем, повеќе не функционира и нема никакво пост-гаранциско одржување. Исто така немаме информации дали опремата функционира на новите верзии на оперативните систем (Windows 10). Доколку постои можност треба да се разгледа можноста за набавка на нова или изнаоѓање начини да се продолжи пост-гаранциското одржување на истата.

Мониторите во судниците кои се наменети за учесниците во постапката се расипани и не се во функција. Затоа потребно е да се набават 12 монитори со дијагонала 22", 3 разделници за истите, како и потребните кабли за инсталација на истите.

Потребно е сервисирање и надградување на компјутерите кои се користат како видео дисплеи во ходниците на судот, електронскиот киоск за потребите на странките. Истите не се во функција поради дефект.

Исто така на дел од компјутерите кои се користат, иако се од понов датум, потребно е надградба на системската меморија (од 4Gb на 8Gb), како и замена на HDD со SSD на истите.

Поради динамика на работа потребно е секој судија да има печатар во својата канцеларија. Печатарите кои се користат во судот се веќе амортизирани и се на крајот на својот животен век. Поради ова потребно е набавка на печатари.

Доста дотраената електрична инсталација на судот, доаѓа до чести прекини во напојувањето со електрична енергија, посебно во зимскиот и летниот период кога има поголема оптовареност. Поради ова се случуваат прекини со работата на АКМИС поради тоа што мрежната опрема не е приклучена на уреди за непрекинато напојување (UPS) и се зголемува можноста за појавување на грешки. Потребни се 3 UPS-а со јачина min 650VA за приклучување на компјутерската опрема во тонските судници, 3 UPS-а со јачина од min 1500VA за приклучување на серверот за скенирање и Switch-овите кое се користат за мрежно поврзување. Исто така и на UPS уредот на серверот, поради дотраеноста на батериите, потребно е нивна замена или набавка на нов.

Исто така треба да се разгледува и можноста за замена на мрежната инфраструктура во судот, поради фактот дека истата е стара повеќе од 20 години, што преставува оптимален период на користење на истата и поради надминување на истата како кочница за користење на АКМИС.

Поради секојдневната употреба на клима уредите во сервер просторијата, потребна е нивна замена, бидејќи истите се во функција 24 часа. Едниот од нив е веќе 7 години стар, додека другиот е 4 години. Исто така потребно е преградување на серверската просторија, нејзино опремување со противпожарен систем и обезбедување на контролиран пристап до истиот.

За поекономично и поефикасно работење на АКМИС-от треба да се направи студија, дали има потреба и можност, а се разбира дека има доколку се планира да се продолжи со користење на истиот, да ги следи новите трендови во ИТ. Дали може да се прилагоди за работа во Cloud околина, со што ќе се намалат трошоците за работните станици, ќе се поедностави нивното управување и одржување, а во исто време ќе се добие поголема брзина, ажурност и стабилност на работењето на целиот систем.

## ***6.ИЗВЕШТАЈ ЗА ОПРЕМЕНОСТ И ОДРЖУВАЊЕ НА ЗГРАДА***

Опременоста на судот и на судската зграда во овој момент е на задоволително ниво. Заради безбедност и евидентирање на влез и излез во судската зграда и нејзините делови, нужно е набавка на две нови врати со систем за евидентирање во делот од судската зграда каде се наоѓа кривичното одделение, а со оглед да и постојните две врати кои се наоѓаат во делот од судската зграда каде се наоѓа граѓанското одделение се во неисправна состојба, заради унифицираност пожелно е и тие две врати да се заменат со нови со потребниот систем за евиденција.

Сите закони и службени весници се достапни на судиите на нивните компјутери и најновите изданија на службен весник, редовно се ажурираат.

Во зградата постојат три судници, кои се опремени со мебел и компјутерска техника со целосно користење на АКМИС-от и истите се користат за судење. Две од овие судници се опремени и со опрема за тонско снимање, па потребно е опремување и на третата судница. Од тие причини, поради малиот број на судници, а заради запазување на распоредот за судење, судиите во најголема мера судат во своите канцеларии, што во суштина значи губење на официјалноста во постапката, кое пак нешто има посебна важност од многу аспекти за учесниците во судењето и нивните позиции и авторитет. Имајќи го во предвид наведеното, сметаме дека со постоечките 3 судници не се задоволува бројот на судници во ОС Штип, па од тие причини нужно е на краток рок да се изврши пренамена – преадаптација на простории со цел да се добијат уште најмалку две судници, кои би биле целосно опремени со компјутерска и опрема за тонско снимање, а на подолг рок да се добијат, на овој начин, уште неколку судници. Нужно е да се напомене дека заради конфигурацијата на судската зграда, практично невозможно е во постоечките судници да се изврши одделување на пристигнување на оштетени – жртви во предмети каде е нужно да се запази тајноста на идентитетот на жртвата, односно да се почитува нејзиното право на приватност.

Во 2020 година заради пандемијата со Ковид 19 за потребите на одржување на рочишта просторијата на судската библиотека беше адаптирана и се користеше како судница.

За одделението во Пробиштип е обезбеден и опремен простор од 4 - канцеларии, 1 - судница и 2 - помошни простории со посебен влез. Тој простор е доволен за остварувањето на функцијата на одделението, така како што е организирана работата во овој момент, со тоа што нужно е да се напомене дека постојат оштетувања на зидовите во овие простории кои можат да продуцираат штета во идно време, па нужно е да се санираат истите, а воедно и да се изврши бојадисување и опремување на просториите со соодветни тела за греење и ладење, кое нешто до сега не е сторено. Функционалноста на ова одделение е од значење за ефикасност во постапувањето и е во функција на граѓаните на општина Пробиштип. За таа цел се приклучи интернет конекција, со цел достава и испраќање на писмена по електронски пат од тоа одделение, а ќе се овозможи и користење на АКМИС и во план е набавка на скенер за потребите на одделенеито.

Возниот парк на ОС Штип брои 4 возила – Опел астра , набавено во 2019 година, старо ПМВ марка Рено Лагуна, кое е во возна состојба и се регистрира, постаро ПМВ марка Ауди кое е во возна состојба, но не се регистрира и не се

користи и постаро ПМВ марка Опел Корса кое не е во возна состојба, не се регистрира и не се користи.

Снабдувањето со материјали за работа е на одлично ниво и во овој дел немаше проблеми во 2020 година. Набавките се вршат редовно, исто како и плаќањето.

Во однос на одржувањето на зградата и инвентарот, истото се врши редовно, а во текот на летниот период спроведено е чистење на просториите и чистење на клима уредите. Извршена е поправка на расипан канцелариски мебел. Извршени се и неопходните поправки на возилата. Често се вршени поправки на електричната и водоводна инсталација, со тоа што нужно е реконструкција на овие инсталации, бидејки истите се со постар датум, а имајки го во предвид зголемениот капацитет на судската зграда.

## ***7.ИЗВЕШТАЈ ЗА ПЛАНИРАНИ И ИЗВРШЕНИ ЈАВНИ НАБАВКИ***

Во текот на 2020 година спроведени се следните јавни набавки:

- набавка на печатени материјали, носител на набавката беше Друштво Рики – јуниор дооел Кочани, вредноста на оваа набавка изнесува 67.525,00 денари (без ддв),
- набавка на тонери за различен вид на печатари, носители на набавката се три фирми, ДПТУ Дигит компјутери дооел Штип, Друштво Кони копи доо Скопје и Друштво медиа дизајн дооел Штип, вкупната вредноста на набавката изнесува 91.340,00 ден (без ддв).
- набавка на фотокопирна хартија спроведена преку Апелационен суд во Штип како групна јавна набавка, носител на набвката беше ТОЗ-МК доо Скопје, вкупниот износ за реализација на оваа набавка изнесува 54.280,00 денари со ДДВ, за 400 топа фотокопирна хартија.
- набавка на информатичка опрема врз основа на Годишната програма за капитални расходи од Буџетот за 2020 – 14 компјутери и 2 лап топа, носител на набавката е Друштво Боки – компјутери дооел Струмица, вредноста на набвката изнесува 490.539,00 ден (со ддв).
- набавка на електрична енергија, носител на набавката е Друштво Енерџи актив дооел Скопје, вредноста на набавката изнесува 408.879,15 денари ( со ддв).

Извршени се и следните набавки: климатизер во вредност од 15.990,00 денар, опрема за видео конференција – 20 броја во вредност од 11.192,00 ден., 3 правосмукалки во вредност од 47.229,00 денари, 3 принтери во вредност од 28.665,00 денари, канцелариски материјал во вредност од 37.435,00 ден. но како набавки под праговите (1000 евра).

**Претседател на Основен суд Штип,**
**Ѓорѓи Андонов**